ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:30-242/8**

**Дата: 14.03.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА РОСОМАН**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на општина Росоман за 2009 година.

Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) за претходни години.

На оваа сметка се евидентирани трансферите од централната власт по основ на блок дотации од областа на основното образование и социјалната заштита. Средствата се користат за основни плати и надоместоци, придонеси за социјално осигурување од работодавачите, останати придонеси од плата, тековни резерви (разновидни расходи), патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, ситен инвентар, алат и други материјали за поправка, поправки и тековно одржување, договорни услуги, разни трансфери, други градежни објекти и за купување на опрема.
Изразивме позитивно мислење за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на општина Росоман за 2009 година.
На крајот на годината на сметката на приходи на буџет на дотации (930) има останато неискористени парични средства во износ од 1,526 илјади денари кои претставуваат 6,6% од вкупните приходи на оваа сметка.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ______________________________
2. ______________________________ ______________________

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) за 2009 година на Општина Росоман, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката приходи на буџет на дотации (930) на Општина Росоман за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Гоце Величковски – градоначалник до 08.04.2009 година, и
- Стојанче Лазов – градоначалник од 09.04.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Росоман се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на

интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 29.12.2010 година до 30.12.2010 година кај Општина Росоман од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок одржан на ден 17.01.2011 година со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 12-242/3 од 01.02.2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Неправилна примена на акти

3.1.1. На сметката на приходи на буџет на дотации (930) на општина Росоман на ден 31 декември 2009 година има неискористени средства од корисниците на блок дотации во износ од 1,526 илјади денари. Износот на неискористените средства претставува 6,6% од вкупните приходи на оваа сметка (412 илјади денари се дотирани на 31 декември 2009 година) и е резултат на слабости во планирањето и менаџирањето на средствата кои се на располагање на буџетските корисници.

**Препорака:**
Одделението за финансирање, буџет, локален економски развој и јавни дејности во соработка со одговорните лица на буџетските корисници да остварат ефикасно искористување на дотираните средства во текот на буџетската година.

## 4. Ревизорско мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на општина Росоман на ден 31 декември 2009

година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики. Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на блок дотации.

Скопје, 04.03.2011 година

## СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (930)

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 211 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 22.913 | 13.136 |
| **Вкупно приходи** | | **23.124** | **13.136** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 16.214 | 7.571 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 15 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 3.464 | 4.622 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 119 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **19.812** | **12.193** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 1.786 | 297 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.786** | **297** |
| **Вкупно расходи** | | **21.598** | **12.490** |
| **Остварен вишок на приходи - за пренос во наредна година** | | **1.526** | **646** |

## СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (930)

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.526 | 646 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.526** | **646** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **1.526** | **646** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 1.526 | 646 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.526** | **646** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **1.526** | **646** |